3586

МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 59 став (7) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16 и 142/16), министерот за информатичко општество и администрација донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ

**Член 1**

Во Правилникот за начинот на спроведување на испитот за административно управување како и формата и содржината на потврдата за положен испит („Службен весник на Република Македонија“ број 142/14), во член 2, во ставот 2 зборовите „март, април, мај, јуни, септември, октомври и декември,“ се заменуваат со зборовите „текот на целата тековна година,“.

**Член 2**

Членот 3 се менува и гласи:

„(1) Кандидатот заинтересиран за полагање на испитот за административно управување (во натамошниот текст: кандидатот), електронски пополнува пријава за полагање на испитот, во која се внесуваат следните податоци: органот или институцијата во која е вработен кандидатот, односно приватна фирма во која е вработен, односно дека кандидатот не е вработен; име и презиме, датум и место на раѓање на кандидатот; место на живеење, назив на работно место, одделение, сектор, шифра на работно место и звање, односно опис на работно место, односно дека кандидатот не е вработен; дали кандидатот претходно го полагал испитот за административно управување, колку пати полагал и датум(и) на полагањето и терминот на кој се пријавува за полагање на испитот.

**Член 3**

Во член 5 во ставот 7 зборовите „24 месеци“ се заменуваат со зборовите „12 месеци“,.

**Член 4**

Во член 9 ставот 2 се менува и гласи:

„(2) Известувањето од став (1) на овој член, ги содржи следните податоци: датум и час на полагањето, листа на кандидати кои полагале и податоци за секој кандидат од

листата идентификациски код, како и сите податоци кој што кандидатите ги пополнуваат согласно член 3 став (1) од овој правилник, резултати, односно освоени бодови поодделно за секој дел од испитот и збирен резултат, како и исход од испитот - положил/не положил.“

Во ставот (4) пред зборот „Известувањето“ бројот „(54)“ се заменува со бројот „(4)“.

Ставот (4) се менува и кој гласи:

„(4) Известувањето од став (3) на овој член, содржи: датум и час на полагањето, листа на кандидати од соодветната институција кои го полагале испитот и податоци за секој кандидат од листата идентификацискиот код; име и презиме, датум и место на раѓање на кандидатот, место на живеење; резултати, односно освоени бодови поодделно за секој дел од испитот и збирен резултат, како и исход од испитот - положил.“

**Член 5**

Во член 10 ставот 1 се менува и гласи:

„(1) На кандидатот кој го положил испитот за административно управување, од страна на Академијата за стручно усовршување на административните службеници, му се издава потврда за положен испит за административно управување, која ги содржи следниве податоци: датум, час и место на полагање, име и презиме, датум и место на раѓање, место на живеење и идентификациски код.“

**Член 6**

„Образец - П1, Потврда за положен испит за административно управување“, се заменува со нов „Образец - П1, Потврда за положен испит за административно управување“, кој е даден во прилог на овој правилник и е негов составен дел.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12/2-4069/1 — Министер,

18 декември 2017 година — Дамјан Манчевски, с.р.

Скопје